РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-3868/9
11.12 20 19 год.
СКОПЈЕ

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Министерство за информатичко општество и администрација<br>сала за состаноци – кабинет на министер | | |
| **Датум** | 04.12.2019 година | **Време** | 10:00 – 12:00 часот |
| **Бр. на седница** | Продолжение на втора седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | Поканети:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК<br>7. Имер Далипи – член на НКБК | Присутни:<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Сашко Мукаетов – член на НКБК | |
| **Други поканети на состанокот** | / | / | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог записникот од продолжението на втората седница;

10. Имплементација на Мерката од точка 1.13 во НОБП: Подготовка на табела/анализа за споредба на развојот на бродбендот во државата во однос на развој на бродбенд пазарот во Европската Унија, согласно со DESI (The Digital Economy and Society Index);

## БЕЛЕШКИ

Продолжението на втората редовна седница го отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни потребен број на членови, со што НКБК може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од продолжението на втората седница, одржана на 28.11.2019 година.

**За 10-та точка од дневниот ред**

Членот на НКБК, Славица Настеска, го презентираше документот „Индекс на дигитална економија и општество – методологија„ кој го анализира прогресот на државата кон дигитална економија и општество. Настеска појасни дека DESI има структура во три нивоа и се состои од пет главни димензии (конективност, човечки капитал, користење на интернет, интеграција за дигитална технологија и дигитални јавни услуги). Секоја од петте димензии е поделена на под-димензии, составени од одделни индикатори.

НКБК најмалку двапати годишно ќе доставува извештај до министерот за информатичко општество и администрација за развојот на бродбендот во државата, во однос на развојот на бродбенд пазарот во ЕУ, согласно DESI, како и извештај за спроведување на усвоените стратешки документи и планови за развој на бродбендот во државата и за исполнувањето на бродбенд таргетите утврдени во истите. Овие документи ќе бидат објавувани на веб страната на НКБК.

Членовите на НКБК дискутираа околу временската рамка и роковите за подготовката и доставувањето на извештаите, како и за утврдувањето на изворите на податоци за потребите на истите.

**Заклучок :**

Членовите на НКБК констатираа дека Националната канцеларија за бродбенд компетентност е надлежна за првата димензија – конективност, но заради комплетирање на севкупниот индекс со пет димензии едногласно донесоа одлука да се испрати официјален допис/предлог препорака до Министерството за информатичко општество и администрација, со цел да ги идентификува институциите надлежни за собирање на податоци за останатите четири димензии - човечки капитал, користење на интернет, интеграција за дигитална технологија и дигитални јавни услуги.

Во рамките на истата точка од дневниот ред, членот на НКБК, Славица Настеска, го

презентираше Извештајот за развој на бродбенд пазарот во државата.

**Заклучок :**

Членовите на НКБК одлучија да се испрати официјален допис/покана до Агенцијата за електронски комуникации, со цел нивни претставници да учествуваат на една од наредните седници, кои се надлежни за прибирање на податоци потребни за утврдување на индексот на DESI.

НКБК одлучи за 10-тата точка од дневниот ред да се дискутира и на следното продолжение на втората седница.

Покрај другото, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ги информираше присутните членови на состанокот за подготвениот предлог текст/мислење за апликацијата на АД МЕПСО до WBIF за добивање техничка помош кое ќе се достави до министерот за информатичко општество и администрација и притоа побара од нив доколку имаат да достават предлози, идеи или забелешки за негово финализирање.

Исто така, Буковалов ги извести членовите на НКБК за дописот од Јавното претпријатие за железничка инфраструктура – Железници до Министерството за информатичко општество и администрација, во врска со реализацијата на проектот „Обновување и реконструкција на железничката делница Битола – Кременица, како дел од Коридорот 10„, финансиран од оперативната ИПА програма за Регионален развој.

**Заклучок :**

По однос на ова прашање ќе биде закажана посебна седница на НКБК.

Записникот го водеше **Владимир Соколов** ____________

Претседател на НКБК **Димитар Буковалов** ____________

# Национална канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

Состанок одржан на 04.12.2019 год.

Листа за присутност

| Членови на НКБК | | Други присутни на состанокот | | |
|---|---|---|---|---|
| име и презиме | потпис | име и презиме | потпис | контакт |
| Димитар Буковалов | | | | |
| Анастас Мишев | | | | |
| Боро Јакимовски | | | | |
| Славица Настеска | С. Настеска | | | |
| Имер Далипи | | | | |
| Зоран Дервишов | | | | |
| Сашко Мукаетов | | | | |